**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ЧЕТВРТИ КВАРТАЛ, 2018 ГОДИНА

јануари 2018 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1,2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатија

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, кое е посилно споредено со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити, наспроти непроменетоста на побарувачката во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал на 2019 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови на корпоративните кредити и нето-зголемување на побарувачката, кое е посилно споредено со претходната анкета.

### Кредити на домаќинства

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на кредитните услови за одобрување кредити на домаќинства, кое е слично како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: мало нето-зголемување на побарувачката на кредити за домаќинства, наспроти нето-намалување на побарувачката во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал на 2019 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови, кое е поумерено во споредба со претходната анкета, при нето-намалување на побарувачката на кредитите за домаќинства, наспроти очекувањата за нето-зголемување во претходната анкета.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатија

- Кредитна политика: нето-заострување на кредитни услови за одобрување на корпоративните кредити, за разлика од нивната непроменетост во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на кредитите на претпријатијата, наспроти малото нето-зголемување во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал на 2019 година: нето-олеснување на кредитните услови за корпоративните кредити, при натамошно нето-зголемување на побарувачката, кое е слично како и во претходната анкета.

---

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог, кој може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.

[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најдат на следнава врска: Временска серија по групи банки.

## Кредити на домаќинства

- Кредитна политика: натамошно нето-заострување на кредитните услови за одобрување кредити на домаќинствата, кое е слично како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на кредитите за домаќинствата, наспроти нето-намалување во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал на 2019 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови, но поизразено во споредба со претходната анкета, при нето-зголемување на побарувачката на кредити за домаќинствата, кое е слично како и во претходната анкета.

### *Мали банки*

## Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменети кредитни услови за одобрување на корпоративните кредити, како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: побарувачката на кредитите на претпријатијата останува непроменета во однос на претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал на 2019 година: непроменети кредитни услови и раст на побарувачка на кредити за корпоративниот сектор, наспроти непроменетост во претходната анкета.

## Кредити на домаќинства

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на кредитните услови за одобрување кредити на домаќинствата, кое е послабо во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на кредитите за домаќинствата, наспроти нето-намалување на побарувачката во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал на 2019 година: нето-заострување на кредитните услови, наспроти нето-олеснување во претходната анкета, при натамошно нето-зголемување на побарувачката на кредити за домаќинствата, кое е послабо во споредба со претходната анкета.